***З А П И С Н И К***
***од втора седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 25.11.2021 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска и Јордан Кромидаровски. На седница отсуствуваше еден советник Валентин Несторовски, за отсуството од седницата достави известување до Советот на општина Демир Хисар каде е наведено согласно Решението за лекување и изолација поради лабораториски потврден случај позитивен на COVID 19, издадено на ден 11.11.2021 година од Државен санитарен и здравствен инспекторат во траење од 20 дена почнувајќи од 09.11.2021 година.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Никола Најдовски. Од општинската администрација присуни претставници беа Раководителот на одделението за финансиски прашања Влатко Станковски и Марина Поповска, а од одделението за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности Моника Петревска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Бидејќи на првата седница на Советот на општина Демир Хисар не се изврши избор на Претседател на Совет на општина Демир Хисар, за понатамошна работа на Советот на општина Демир Хисар ќе се применува член 68 став 5 од Статутот на општина Демир Хисар до изборот на Претседател, Советот го свикува и со него раководи најстариот член на Советот во конкретниот случај Љупчо Најдовски. Согласно наведениот член втората седница беше свикана на барање на градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски, седницата ја свика најстариот член на Советот Љупчо Најдовски. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, потоа го стави на расправа записникот од првата седница

-***Записник од прва конститутивна седница на Совет***

За записникот немаше забелешка, со 9 „за“ беше усвоен, против и воздржани немаше.

На седницата се распраавше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Решение за верификација на мандат на членови на Совет на општина Демир Хисар.

2. Донесување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година.

3. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.

4.Усвојување на Квартален извештај на Буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година.

5.Донесување на Одлука за делегирање надлежност на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за зимско одржување на патиштата на територијата на општина Демир Хисар .

6.Предлози и прашања

Откако беше усвоен записникот Претседавачот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Сандра Пејковска го покренаа прашањето околу законитоста најстариот член ја води седницата колку сето тоа е законски поткрепено. Како советничка група немаат ништо против, но прашањето е околу легитимноста, бидејќи актите кои произлегуваат од седницата треба да ги потпише. Забелешката е за законитоста на потписот на актите. Советничката Ивана Кочовска објасни во Статутот на општината согласно член 68 став 5 јасно е кажано и во тој дел нема ништо

спорно, исто така никој од советниците нема против најстариот член да ја води седницата. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна постапувајќи согласно Статутот и член 68 став 5, ја свикав втората седницата на Совет и согласно истиот член и став се раководи со седницата, тука не е ништо спорно. Откако беше разрешена дилемата околу свикувањето и работата на седницие советниците се согласија со седницата да раководи најстариот член. Дискусија и забелешки околку Дневниот ред немаше. За усвојување на Дневниот ред гласаа 9 „за" против и воздржани немаше.

Бидејќи на седницата беше присутен еден од советниците кои на првата седница немаа верифицирано мандат, Претседавачот на седницата Љупчо Најдовски ја замоли Верификационата комисија да се повлече и да изготви извештај за верификација на мандатот. За тоа време предложи пауза.

Во текот на паузата направени се консултации околу легитимноста најстариот член да ја води седницата и дали треба да се донесе акт со кој ќе се овласти најстариот член да ја води седницата. Бидејќи Дневниот ред веќе беше усвоен, а и за свикување на седницата се применуваше член 68 став 5 со втората седница се продолжи со работа, а со седницата продолжи да претседава најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

***ТОЧКА 1. Верификација на мандат на членови на Совет на општина Демир Хисар***

После паузата советникот Сашо Михајловски како претседател на Верификационата комисија објасни советникот Јордан Кромидаровски поседува само уверение издадено од ОИК и патна исправа која има поминат рок. Бидејќи се обврза дека ќе обезбеди соодветен документ за идентификација до завршување на седницата, предложи додека се комплетираат документите сеницата можи да продолжи со расправа по другите точки од дневниот ред, а за оваа точка ќе се расправа во моментот кога ќе се обезбеди потребната документација.

***ТОЧКА 2. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година, воведно излагање имаше претставникот Марина Поповска. Ги запозна советниците дека предходниот состав на Совет не донесе ребаланс на Буџетот, па поради тоа има потреба од донесување на одлука за проширување на буџетот за салдото од предходна година и истото ќе се распореди онаму каде има потреба. Потоа пристапи на објаснување по ставки. Советникот Сашо Михаловски побара објаснување за ставка 480190 што се планира да се набави. Претставникот Марина Поповски објасни тоа е во буџетот од културата планираат да набават монитори за концерти. Претседавачот Љупчо Најдовски праша за ставката објавување на огласи во училиштата за што станува збор, потоа додаде во иднина да се присутни раководните лица на институциите да дадат објаснување за ставките. Исто така праша за средствата за превоз на ученици дали се определени со дотациите како што беше пред повеќе години, и дали превозот се однесува само за учениците или и за наставниот кадар. Претставникот Влатко Станковски објасни овие средства се за објавување на огласи за да се плати објавувањето на огласите. Додека за средствата за превоз не е како што беше претходно, кога беа определени уште во дотацијата колку средства се наменети за превоз, сега се префрлаат средства од блок дотациите наменети за основно образование. Потоа училиштата си ги делата според соодветни критериуми, а секое училиште определува средства за плата на вработените, и останатите материјалнни средства ги распределува соодветно според потребите. Од овие средства се плаќа превоз само за ученици, додека наставниците си склучуваат договори со јавното претпријатие и сами си плаќаат превоз. Претседавачот Најдовски праша за средствата планирани за течни горива во детската градинка дали се наменети за нафта за греење, потоа во пожарната дали планираните средства се за плата за двајцата вработени кои ги плаќа општината. Претставникот Марина Поповска објасни во детската градинка планирани се средства за набавка нафта за греење, во програмата од пожарна се планирани за плаќање на дел од тужбата што пожарникарите ја имаат поднесено до општината, останатиот дел ќе се планира со буџетот. Советникот Аце Јанкуловски праша ако се изгласа одлуката со овие средства ќе се подмири половина од тужбата, а советничката Сандра Пејковска дополни ако не се донеси одлуката овие

средства ќе бидат повлечени. Претставникот Марина Поповска објасни уште оваа година кај некој институции нема да бидат повлечени, но кај пожарната ќе бидат повлечени. Со овие планирани средства во пожарната ќе се плати околу половина од обврскат по тужбата. Советничката Сандра Пејковска додаде повеќето се доспеани или отворени што треба да се исплатат треба да дадеме подршка да овозможиме да се реализираат. Дискусија повеќе немаше, се пристапи кон гласање по одлуката. За Одлуката гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше. Претседавачот Љупчо Најдовски констатира Одлуката е донесена едногласно.

***ТОЧКА 3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот има можност на синтетички ставки каде има останато средства да се намалат и да се додадат во ставки каде има потреба од повеќе средства. Бидејќи немаше донесено ребаланс, на ваков начин можи да се пренаменуваат максимум 20 % на ставките, а тоа е потребно да се подмират дел обврските кои се останати. Советникот Аце Јанкуловски праша за средствата панирани во програма А0 еднократна парична помош дали сите 470.000 се само за барање за еднократна парична помош и дали се знае колку барања се поднесени. Претставникот Поповска објасни од оваа ставка останати се обврски за новороденчиња 110.000, за склучени бракови 175.500 и социјални 180.000, исплатите за новороденчиња и за склучени бракови се согласно одлука донесена на Совет, еднократните се по поднесени барања одобрени од Комисијата за опшествени дејности. Раководителот Влатко Станковски ја објасни постапката за остварување на право за еднократна парична помош по овие барања се исплаќа по 5.000 денари. Претседавачот Љупчо Најдовски праша каде е пропустот зошто во Буџетот не биле планирани средства за изборите, а се знаеше дека ќе има избори оваа година, ако овие средства се за еден круг значи и наредната година во Буџетот треба да се планира средства да се доисплати. Претставникот Марина Поповска објасни немаше пропуст, но толку беа средства, лимитирано се планираше Буџетот, затоа се остави со ребаланс да се планираат, но ребаланс не се донесе затоа сега се планира. Советничката Сандра Пејковска забележа со овие средства само првиот круг ќе се плати, ќе треба да се обезбедат уште средства. Претседавачот Љупчо Најдовски праша за програмата Ј2 каде е работено, потоа праша дали паркот пред општината го одржува ЈКП „Комуналец“. Претставникот Марина Поповска објасни од програмата Ј2 се плаќа за услуга за чистење речни корита се планира да се плати 35.000 тоа само една фактура има уште, но неможи да се планираат повеќе средства ограничени сме, ќе остани за наредно да се планира. Во Ј7 планирано е 48.000 за паркот пред општината за набавка на садници има и некој други плаќања. Советникот Аце Јанкуловски праша дали ова е преку јавни набавки, а Раководителот Станковски објасни работите кои ги извршува ЈКП „Комуналец“ не се преку јавна набавка, се плаќа по фактура за извршени работи. Претставникот Марина Поповска продолжи со објаснување од кои ставки се крати, онаму каде има можност да се крати и за толку се зголеми во буџетот, во нашиот буџет се планира за тројца пожарникари кои се плаќаат од општината, а другите седум земаат плата со дотацијата за пожарникари. Советникот Аце Јанкуловски праша како се ангажирано тројцата пожарникари. Раководителот Влатко Станковски објасни тие се вработени на неопределено, но средствата за плата се обезбедуваат преку општински буџет додека другите седум се преземени со децентрализацијата на општините. Претставникот Поповска понатаму објасни за распоредот на средствата во основното образование, во средното образование и детската градинка. Советникот Аце Јанкуловски праша за ставка 480290 во средно образование што се планира да се набави со 51.000, исто во детската градинка се крати во ставка плати да се дополни во течни горива дали е изводливо. Претставникот Марина Поповска објасни во средното образование имало потреба од набавка на агрегат нешто имале средства, но не биле доволни му требало уште околу 50.000 да доплатат, во детската градинка имало повеќе планирано за плати затоа од таа ставка скратија, а дополнија во ставката за течни горива. Овде се планирано 60.000 и со одлуката за проширување 116.000 вкупно 176.000. Советничката Ивана Кочовска праша што беше планирано во

програмата за спорт и млади. Претставникот Влатко Станковски објасни неколку спорски игралишта, а претставникот Марина Поповска дополни во оваа програма беа планирани 500.000 нешто има реализација за реконструкција на игралиште во Кутретино во образложението е објаснето. Советничката Марина Димитријовска истакна значи со одлуката за проширување во средното училиште се планира 61.000 и со одлуката за измена на распоредот на средствата се планира 122.000 за превоз на ученици во средно образовани тоа се вкупно 183.000 за превоз на ученици во средно образование. Раководителот Станковски објасни да така се планирани средствата кај сите програми и ставки двете одлуки се поврзани. Дискусија повеќе немаше се пристапи кон гласање. За Одлуката гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше. Претседавачот Љупчо Најдовски констатира Одлуката е донесена едногласно.

***ТОЧКА 4. Квартален извештај на Буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година***

За Кварталениот извештај на Буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша за донацијата од ЕУ за кој проект е и општината има сопствено учетсво. Раководителот Влатко Станковски објасни тоа е донација од ЕУ за проект „Откривање на скриени атракции во Слоештица“се направи реконструкција на домот во Слоештица, тоа е проект за прекугранична соработка со Албанија. Претседавачот Најдовски додаде овие се завршени работи останува да гласаме. Дискусија повеќе немаше, се пристапи кон гласање. Пртетседавачот на Советот Љупчо Најдовски констатира Кварталниот извештај е усвоен со 9 гласови „за“ против и воздржани немаше.

Во насока на финансискиот извештај претседавачот Љупчо Најдовски побара општинската администрација при изготвувањети на вакви извештаи да направи разграничување на горивото што се користи за секое возило одделно.

***ТОЧКА 5. Одлука за делегирање надлежност на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за зимско одржување на патиштата на територијата на општина Демир Хисар***

За Одлуката за делегирање надлежност на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за зимско одржување на патиштата на територијата на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Моника Петревска. Во своето излагање истакна предходниот состав на Совет донесе Оперативна програма за зимско одржување на општински патишта во која е наведено одржувањето може да се даде преку јавна набавка или на ЈКП „Комуналец“. Предходните години зимското одржување на патиштата беше доделувано на ЈКП „Комуналец“ исто се одлучи и оваа година да се даде на јавното претпријатие затоа е потребно да се донесе одлука за делегирање надлежност. Советничката Ивана Кочовска праша колку е вкупната сума која се планира за зимско одржување. Претставникот Моника Петревска објасни се плаќа по извршена услуга, за што се доставува фактури до општината, по завршување на сезоната се изготвува извештај колку средства се потрошиле. Претседавачот Љупчо Најдовски праша кој врши надзор над зимското одржување, а советникот Аце Јанкуловски праша како е поисплатливо кога зимското одржување го врши ЈКП „Комуналец“ или кога се избира фирма на тендер. Претставникот Моника Петревска објасни за надзор се назначува лице од општината. Кога се објавува тендер се плаќа сумата која е предмет на тендерската набавка, а кога се склучува договор со ЈКП „Комуналец“ се плаќа по извршена услуга колку ќе се чисти толку ќе се плати. Сега јавното претпријатие е опремено со механизација и можи да ги извршува работите за зимско одржување. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна ние не сме против, сами кажавте има доволно механизација за непречено зимско одржување, но бевме сведоци на ангажирање многу приватни фирми како припомош. Претставникот Моника Петревска објасни општината склучува договор со јавното претпријатие за зимско одржување, ако тие сметаат дека имаат потреба од помош ангажираат други фирми за помош. Советничката Ивана Кочовска додаде во договорот можи да се регулираат овие работи, а советничката Сандра Пејковска додаде ние не можиме да навлегуваме во одредбите во договорот на обврските кон јавното претпријатие, се водиме од одлуката со која даваме овластување дека ќе се склучи договор. Претставникот Моника Петревска објасни со оваа

одлука му даваме надлежност на ЈКП „Комуналец“, а како ќе ја извршува работата негово е. Претседавачот Љупчо Најдовски забележа даваме пари од народот и секако можеме да реагираме, не може механизацијата во ЈКП „Комуналец“ да лежи, а тие да ангажираат други фирми. Ако има големо невреме тогаш Кризниот штаб носи одлука дека треба да се ангажира други фирми. Советникот Аце Јанкуловски додаде треба да знаеме до каде ни се надлежностите како Совет, дали смееме да се мешаме во внатрешните работи на претпријатието. Претседавачот Најдовски објасни советниците имаат голема одговорност, кога ќе ги носиме програмите за повеќе области ќе имаме увид во што и како се трошат средствата, тоа се пари на граѓаните, немаме цени за зимско одржување. Претставникот Моника Петревска објасни цените ги утврдува Управниот одбор. Бидејќи никој не се јави за збор одлуката беше ставена на гласање. Пртетседавачот на Советот Љупчо Најдовски констатира одлуката  е усвоена со 9 гласови „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Советничката Ивана Кочовска праша како се планира во иднина да се реши греењето во просторијата за седници на Совет.

Претседавачот Љупчо Најдовски го покрена прашањето околу изградбата на храмот во Демир Хисар со оглед што и во сите програми за изборите е планиран проект убаво е советниците да формираат иницијативен одбор и да се започната активностите. Советничката Сандра Пејковска додаде добро е да се има еден финансиски план колку средства може од општината да се добијат колку средства ќе треба да се бараат донација.

Претседавачот Љупчо Најдовски предложи да се продолжи со работа по точките од дневниот ред, остана уште првата точка, бидејќи советникот Јордан Кромидаровски ја обезбеди потребната документација, Верификационата комисија го изготви извештајот можи да се продолжи со расправа по првата точка.

***ТОЧКА 1. Верификација на мандат на член на Совет на општина Демир Хисар***

Претседателот на Верификационата комисија Сашо Михајловски го поднесе извештајот со предлог за верификација на мандатот на член на Советот Јордан Кромидаровски. За верификација на мандатот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше. Советникот Јордан Кромидаровски ја прочита и потпиша свечената изјава.

Бидејќи со ова беше исцрпен Дневниот ред Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори втората седница на Совет на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 1209/3<br>22.12.2021 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседавач,<br>Љупчо Најдовски  с.р.